# Понуда за преземање

НЛБ Банка АД Скопје, Служба за услуги со хартии од вредност, банкарска институција регистрирана во Република Македонија со службена адреса на ул. Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје („**Банката**"), во име и за сметка на друштвото Триглав ИНТ, холдиншка дружба д.д., со службена адреса на Дунајска цеста 22, Љубљана, Република Словенија и матичен број 3852750 („**Преземач**") во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва, ја дава следнава

## ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

на 16.020 акции издадени од акционерското друштво **Триглав Осигурување АД Скопје**, регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија со ЕМБС 4691130 и седиште на бул. 8-ми Септември бр.16 (зграда Хипериум), 1000 Скопје („**Триглав Осигурување АД Скопје** ").

1. Понудата за преземање се однесува на 16.020 обични акции со право на глас издадени од Триглав Осигурување АД Скопје со ИСИН број: MKVROS101016 (преземачот веќе поседува 44.164 обични акции, односно 73,38% од вкупниот број издадени акции со право на глас)

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат обични акции со право на глас издадени од Триглав Осигурување АД Скопје.

   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од Триглав Осигурување АД Скопје во согласност со пропишаните и објавените услови.

3. Преземачот се обврзува да ги откупи акциите по цена од 14.640 денари по акција. Понудената цена е шестпати повисока од просечната цена на обичните акции издадени од Триглав Осигурување АД Скопје (2280 денари по акција) постигната на Македонската берза за хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање согласно член 22 од ЗПАД.

   На имателите на хартии од вредност издадени од Триглав Осигурување АД Скопје нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на Понудата за преземање, односно трошоците кои ги наплаќа Централниот депозитар за хартии од вредност за спроведување на ограничувањето на сметките за хартии од вредност и исплатата на паричните средства ќе ги сноси Преземачот.

4. Согласно член 34 од Законот за преземање на акционерските друштва, Преземачот депонираше банкарска гаранција во Централниот депозитар за хартии од вредност во износ кој е доволен за да се исплатат сите иматели на акции од Триглав Осигурување АД Скопје што ја прифатиле Понудата за преземање по понудената цена.

   Централниот депозитар за хартии од вредност ги префрла паричните средства на банкарската сметка која акционерот на Триглав Осигурување АД Скопје што ја прифатил Понудата за преземање, ја навел во писмената изјава за прифаќање на Понудата за преземање, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението на Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на Понудата за преземање.

5. Рокот за прифаќање на Понудата за преземање започнува на денот на објавување на Понудата за преземање и завршува 30 (триесет) календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на Понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на Понудата за преземање започнува на 04.07.2017 и завршува на 03.08.2017 (бидејќи 02.08.2017 е неработен ден).

6. Не се определува најмала количина на обични акции со право на глас на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна, односно Преземачот нема утврдено праг на успешност.

7. За стекнување на хартиите од вредност, предмет на оваа понуда за преземање, потребна е согласност од Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Со оглед на тоа што Агенцијата за супервизија на осигурувањето ја издаде согласноста, оваа понуда не содржи услов за раскинување.

Скопје, 03.07.2017

НЛБ Банка АД Скопје
OE 3039
02

НЛБ Банка АД Скопје
Служба за услуги со хартии од вредност